**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2018 ГОДИНА

**Скопје, 2019 година**

## 1. ВОВЕД

Врховниот суд на Република Македонија претставува уставна категорија и неговата положба во однос на другите судови во судската власт е пропишана во член 101 од Уставот на Република Македонија, и е највисок суд во Републиката кој обезбедува единствена примена на законите од страна на судовите.

Согласно Законот за судовите, во рамки на својата стварна надлежност, Врховниот суд на Република Македонија како највисок суд во Републиката одлучува во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови, по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа е определено со закон, за судир на надлежност и определување на месна надлежност, одлучува по барање за повреда на правото на судење во разумен рок, во прв и втор степен, во постапка утврдена со закон пред судовите во Република Македонија, во согласност со правилата и принципите утврдени со Европската конвенција за човекови права и основни слободи и тргнувајќи од судската пракса на Европскиот суд за човекови права, како и други работи определени со закон.

Оваа своја надлежност Судот ја остварува во **Одделот за казниви дела, Одделот за граѓански дела, Одделот за судење во разумен рок, Одделот за судска практика и специјализиран совет** во врска со барањата за заштита на основните слободи и права загарантирани со Уставот.

Својата надлежност за воедначување на судската практика, Врховниот суд ја остварува на **Општа седница** преку утврдување на начелни ставови  и начелни правни мислења и преку изготвување на сентенци усвоени на седниците на судските оддели, кои се објавуваат на web страната на Судот. Исто така, воедначувањето на судската практика се реализира и следи и преку Одделот за судска практика.

Во исполнување на уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд, учествуваа во работењето на советите, Општата седница, седница на судиите, седница на одделите, како и во други активности согласно со законот, насочени кон поефикасна примена на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.

Судиите во текот на извештајната година, покрај предметна ангажираност, учествувале и во работни тела и комисии за повеќе законски проекти, семинари, едукации и студиски патувања.

Согласно Судскиот деловник за употребата и унапредувањето на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети во судовите, Претседателот на Судот формира Работно тело за стандардизација на постапките во судовите кое е од постојан карактер и во постојано заседание, а со него раководи судија на Врховниот суд и одговара пред Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија.

Согласно Законот за судовите во Врховниот суд е формиран и функционира информатички центар со база на податоци за информатичка технологија надлежен за техничко управување со автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети и базите на податоци кои произлегуваат од работата на судовите.

Согласно Законот за судска служба, во рамките на Судот функционира и Совет за судска служба во состав и надлежности определени со Законот и Одделение за административни работи на Советот, а претседател на советот е Судскиот администратор на Врховниот суд на Република Македонија.

Обемот и интензитетот на работата е изразен преку податоците за постапување по конкретни предмети во текот на целата година во одделите и специјализирани совети кои се прикажани и други активности и мерки, што беа преземени во Судот, како највисок суд во Републиката.

## ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Со Одлука на Судскиот совет, утврдено е судиската функција во Врховниот суд на Република Македонија да ја извршуваат 25 судии, меѓутоа како и претходните години на судијата кој е избран за член на Судскиот совет и судијата кој е избран во Уставниот суд, судиските места им мируваат.

Во текот на 2018 година, се упразнија уште две судиски места поради исполнување услови за старосна пензија и тоа од месец јуни 2018 година и месец септември 2018 година.

За сите упразнети судиски места беше доставено барање до Судскиот совет за објавување оглас за избор на судии со потребната специјализација, но во текот на 2018 година не беше извршен избор за судија.

Од сето погоренаведено произлегува дека, Судот во извештајната година функционираше со непотполн судиски состав кој беше дури и на граница на потребниот минимум за нормално функционирање на судот, со оглед на неговите надлежности, работа на Општа седница, работа во четири оддели, Оддел за казниви дела, Оддел за граѓански дела, Оддел за судење во разумен рок и Оддел за судска практика, што предизвикуваше голем број на изземања и потреба за реорганизација и прераспоредување.

Согласно Законот за судовите, Законот за судска служба, Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и Годишниот план за вработување утврдена е внатрешната организација, работните места и бројот на извршители потребни за извршување на надлежностите на Врховниот суд на Република Македонија.

Од предвидениот број на судски службеници во Правилникот, кои согласно Законот за судска служба се класифицираат во три групи (раководни, стручни и помошно стручни), може да се констатира дека бројот на судски службеници во судот воопшто не ги задоволува потребите согласно обемот и сложеноста на надлежноста на Врховен суд на Република Македонија како највисок суд во државата.

Во изминатиот период се констатира редовен одлив на високо квалитетен и стручен кадар, поради заминување на определени судски службеници во други институции на работни места со повисоки раководни звања, од причина што не функционира системот на унапредување на судските службеници во Судот. Со оглед на наведеното и поради непополнетите работни

места на раководен стручен кадар во Судот се јавува проблем и со правилна примена на одредбите на Законот за судска служба, посебно во делот на оценување и вработување на судски службеници. Во последните неколку години во Судот се вработуваат само стручни судски службеници на пониски работни места и пониски звања.

Од категоријата раководни стручни судски службеници пополнети се само 2 работни места со звање самостојни судски советници, од категоријата стручни судски соработници кои се распоредени со судии пополнети се 18 работни места - виши стручни судски соработници и 2 работни места - помлад судски соработник, што е далеку под бројот и нивото на предвидени и систематизирани работни места од овие категории согласно Правилникот. Пополнети се 6 работни места судски советници и судски соработници, од кои 2 судски советници и 4 судски соработници кои извршуваат работи во IT центарот, јавни набавки, портпарол и преведувач и во Одделението за административна поддршка на Советот на судска служба. Според систематизацијата предвидени се 33 стручни судски службеници, а пополнети се 19 работни места.

Во Врховниот суд само во периодот од 01.01.2011 година до 31.12.2018 година**,** по основ на пензионирање и други основи, трајно се упразнети 15 (петнаесет) работни места кои не се пополнети, иако во континуитет е барано нивно пополнување. Во текот на 2018 година реализирано е само 1 вработување со објавување на јавен оглас и тоа за работно место хигиеничар и 2 вработувања со склучување на спогодба за преземање, по добиена согласност од Министерство за финансии.

Заради непречено исполнување на работата во врска со надлежноста на Судот, недостигот од вработени се надоместува со распоред за работа поради што подолго време се случува да секој вработен врши повеќе работи.

Ако се има предвид и претходниот период кога 5 (пет) административни судски службеници, вработени во Врховниот суд на Република Македонија беа преземени во Управниот суд и нивните места оттогаш не се пополнети, вклучително со работните места упразнети по основ на пензионирање, укажува дека бројот на судските службеници во судот воопшто не ги задоволува потребите. Во моментот, во трите писарници, кривична, граѓанска и судење за разумен рок, работат 6 (шест) помошно стручни судски службеници и тоа двајца се прераспоредени од дактилобирото. Ова пак, значително го намали бројот на дактилографи, што не соодветствува со обемот на работа и бројот на судиите.

## ПРЕДМЕТНО ОДЛУЧУВАЊЕ НА НИВО НА СУД

Во Врховниот суд на Република Македонија од 2017 година останале нерешени **1726** предмети, а со новопримените **2.189** предмети **во 2018 година**. Судот постапувал по вкупно **3.921** предмет од сите видови. Во текот на годината решени биле **2.499**, а останале нерешени **1.422** предмети. Врховниот суд на Република Македонија го совладал приливот и го намалил заостатокот за **310** предмети.

### Извештај по оддели за период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година

| **Област** | **Кривична област** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Разни кривични предмети | 20 | 108 | 0 | 0 | 128 | 116 | 12 |
| Заштита на законитоста по кривични предмет | 24 | 34 | 0 | 0 | 58 | 35 | 23 |
| Вонредно ублажување на казната | 14 | 58 | 0 | 0 | 72 | 55 | 17 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **58** | **200** | **0** | **0** | **258** | **206** | **52** |
| **Вид на предмет** | **Вонредно преиспитување на правосилна пресуда** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Вонредно преиспитување на правосилна пресуда организиран криминал - совет од петмина судии | 26 | 8 | 0 | 0 | 34 | 19 | 15 |
| Вонредно преиспитување на правосилна пресуда организиран криминал - совет од тројца судии | 3 | 0 | 0 | 0 | 3 | 2 | 1 |
| Вонредно преиспитување на правосилна пресуда - совет од петмина судии | 84 | 107 | 0 | 1 | 190 | 98 | 92 |
| Вонредно преиспитување на правосилна пресуда - совет од тројца судии | 136 | 47 | 0 | 1 | 182 | 138 | 44 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **249** | **162** | **0** | **2** | **409** | **257** | **152** |
| **Вид на предмет** | **Третостепени кривични предмети** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Жалби по пресуди во трет степен | 14 | 45 | 0 | 0 | 59 | 37 | 22 |
| Жалби на решенија на притвор | 2 | 42 | 0 | 0 | 44 | 44 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **16** | **87** | **0** | **0** | **103** | **81** | **22** |
| **Вкупно - област** | **323** | **449** | **0** | **2** | **770** | **544** | **226** |

| Област | Граѓанска област | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Разни граѓански предмети и разни судир на надлежност | 8 | 161 | 0 | 0 | 169 | 153 | 16 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **8** | **161** | **0** | **0** | **169** | **153** | **16** |
| **Вид на предмет** | **Граѓански предмети по ревизија** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Трговски спорови - ревизија | 266 | 272 | 1 | 0 | 539 | 373 | 166 |
| Работни спорови  - ревизија | 155 | 164 | 0 | 0 | 319 | 194 | 125 |
| Граѓански спорови- ревизија | 655 | 604 | 2 | 1 | 1260 | 621 | 639 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **1076** | **1040** | **3** | **1** | **2118** | **1188** | **930** |
| **Вкупно - област** | **1084** | **1201** | **3** | **1** | **2287** | **1341** | **946** |
| **Област** | **Судење во разумен рок** | | | | | | |
| **Вид на предмет** | **Судење во разумен рок - второстепени** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Судење во разумен рок - жалби | 18 | 194 | 2 | 1 | 213 | 196 | 17 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **18** | **194** | **2** | **1** | **213** | **196** | **17** |
| **Вид на предмет** | **Судење во разумен рок - првостепени** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Судење во разумен рок - Управна | 142 | 104 | 3 | 0 | 249 | 177 | 72 |
| Судење во разумен рок - Кривично | 59 | 66 | 0 | 0 | 125 | 60 | 65 |
| Судење во разумен рок - Граѓанско | 86 | 133 | 1 | 0 | 220 | 139 | 81 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **287** | **303** | **4** | **0** | **594** | **376** | **218** |
| **Вкупно - област** | **305** | **497** | **6** | **1** | **807** | 572 | **235** |
| **Област** | **Управна област** | | | | | | |
| **Вид на предмет** | | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Заштита на законитоста во управен спор | 6 | 6 | 0 | 0 | 12 | 7 | 5 |
| Жалби против одлуки на Управен суд | 8 | 33 | 1 | 0 | 42 | 32 | 10 |
| Жалби против решенија на ДИК | 0 | 3 | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 |

| Вкупно - вид на предмет | 14 | 42 | 1 | 0 | 57 | 42 | 15 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно - област** | **14** | **42** | **1** | **0** | **57** | **42** | **15** |
| | | | | | | | |
| **Вкупно** | **1726** | **2189** | **10** | **4** | **3921** | **2499** | **1422** |

## СУДСКА УПРАВА

| Област | Судска управа | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вид на предмет** | **Евиденции во судска управа** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Предмети од судска управа | 0 | 2337 | 0 | 1 | 2336 | 2334 | 2 |
| Доверливи предмети во судска управа | 0 | 36 | 0 | 0 | 36 | 36 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **0** | **2373** | **0** | **1** | **2372** | **2370** | **2** |
| **Вид на предмет** | **Преставки и поплаки** | | | | | | |
| **Подвид на предмет** | **Нерешени** | **Ново примени** | **Повторно во работа** | **Погрешно заведени** | **Вкупно во работа** | **Решени** | **Остаток** |
| Слободен пристап до информации | 0 | 40 | 0 | 0 | 40 | 40 | 0 |
| Евиденција на преставки и поплаки | 0 | 292 | 0 | 0 | 292 | 292 | 0 |
| **Вкупно - вид на предмет** | **0** | **332** | **0** | **0** | **332** | **332** | **0** |

**Претставки, предлози и други обраќања од судска управа**

Во текот на **2018** година во Врховниот суд на Република Македонија, примени се вкупно **292** претставки заведени во уписникот **УПП** - Уписник за претставки и поплаки.

Од вкупно доставените претставки заведени во уписникот **УПП**, **172** се барања за побрзо решавање на предметите, а **120** се разни други поднесоци.

Според Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Претседателот на судот од вкупно примените **172** барања за приоритетно решавање на предметите, одобрил **53**, одбил **48**, додека пак за останатите се добиени податоци дека предметите се земени во работа, односно дека постапката по конкретен предмет е завршена, а предметот е експедиран до надлежниот апелационен суд.

Од вкупно доставените поднесоци заведени во уписникот **УПП**, евидентирани се **20** поднесоци на Народниот правобранител, со барање информација во врска со поднесена ревизија, траење на постапката и други податоци.

По доставените поднесоци по разни основи, Врховниот суд постапувал во согласност со Законот за судовите, Законот за постапување по претставките и предлозите, Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Судскиот деловник и Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

**Барања за изземања - СУ- ИЗЗ / 2018**

Вкупен број на поднесени барања за изземање; 175

-број на поднесени барања од странки за изземање на судија; 8

-број на поднесени барања од странки за изземање на претседател на понизок суд; 7

-број на поднесени барања од судија на ВСРМ за иземање на судија; 156

-број на барања за изземање поднесени од претседател на суд до претседател на непосредно повисок суд; 4

## ОБЕМ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДДЕЛИ

### ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

**Сумарен преглед за работата по предметите**

Во текот на извештајната **2018** година новопримени се **449** предмети, останати од **2017** година **323** предмети (2 погрешно заведени), или вкупно во работа биле **770** предмети по сите основи.

Во текот на извештајната година судиите решиле **544** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **226** предмети по сите основи. Според ова, приливот на предмети е целосно совладан и за останатиот дел е намален за **95** предмети.

Прегледот на вкупно решени и нерешени предмети по разни основи во 2018 година е даден во табела 1.

**Табела 1**

| **вид на предмети** | **Останати од XII месец 2017** | **Примени во 2018** | **Вкупно во работа** | **решени** | **нерешени** |
|---|---|---|---|---|---|
| **ВКЖ1** | **2** | **42** | **44** | **44** | **-** |
| **ВКЖ2** | **14** | **45** | **59** | **37** | **22** |
| **КВП1** | **135** | **47** | **182** | **138** | **44** |
| **КВП2** | **83** | **107** | **190** | **98** | **92** |
| **Квп-КОК1-Квп** | **3** | **-** | **3** | **2** | **1** |
| **Квп-КОК2-Квп** | **26** | **8** | **34** | **19** | **15** |
| **ВУК** | **14** | **58** | **72** | **55** | **17** |
| **КЗЗ** | **24** | **34** | **58** | **35** | **23** |
| **КР** | **20** | **108** | **128** | **116** | **12** |
| **ВКУПНО** | **323** | **449** | **770** | **544** | **226** |

Остатокот од вкупно нерешени предмети на крајот на 2018 година, воглавно се должи на фактот што најголем број од истите во Судот се примени во последниот месец од извештајната година, поради што и не можеле да бидат земени во работа, од причина што биле дадени на мислење во Јавно обвинителство на Република Македонија.

Воедно, остатокот од вкупно нерешени предмети се должи на низа објективни околности, меѓу кои особено недостиг на соодветен број на судии, како и недостиг на стручни соработници.

Судиите од Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Македонија во 2018 година решиле вкупно 138 **КВП1** предмети, **КВП2** 98 предмети, **Квп.КОК1** 2 предмети, **Квп.КОК2** 19 предмети, така што вкупно **КВП1, КВП2, Квп.КОК1 и Квп.КОК2**

се **257** предмети.

**Структура на решените предмети по видот на кривичните дела**

Структурата на решените предмети по видот на кривичните дела по поднесените барања за вонредно преиспитување на правосилна пресуда –**КВП1, КВП2, Квп.КОК1 и Квп.КОК2,** вкупно 257 предмети, е следна:

**Глава XIV од КЗ- Кривични дела против животот и телото**
48 предмети за кривично дело – Убиство - **член 123**;
13 предмети за кривично дело – Телесна повреда – **член 130**;
14 предмети за кривично дело – Тешка телесна повреда – **член 131**;
1 предмет за кривично дело – Учество во тепачка – **член 132;**
1 предмет за кривично дело **–** Загрозување со опасно орудие **– член 133.**
**Глава XV од КЗ ИК - Кривични дела против слободата и правата на човекот и граѓанинот**
1 предмет за кривично дело – Грабнување – **член 141**;
3 предмети за кривично дело – Загрозување на сигурноста – **член 144.**
**Глава XIX од КЗ - Кривични дела против половата слобода и половиот морал**
7 предмети за кривично дело – Силување – **член 186**;
4 предмети за кривично дело – Обљуба врз немоќно лице – **член 187**;
15 предмети за кривично дело – Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години – **член 188**;
3 предмети за кривично дело – Обљуба со злоупотреба на положбата – **член 189.**
**Глава XX од КЗ - Кривични дела против бракот, семејството и младината**
1 предмет за кривично дело-Запуштање и малтретирање на малолетно лице-**член 201**;
3 предмети за кривично дело – Неплаќање издршка – **член 202.**
**Глава XXI од КЗ - Кривични дела против здравјето на луѓето**
69 предмет за кривично дело - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психоптропни супстанции и прекурсори – **член 215**;
1 пред. за кривично дело-Овозможување на употреба наркотични дроги-**член 216.**
**Глава XXII од КЗ - Кривични дела против животната средина и природата**
1 предмет за кривично дело – Незаконит лов **– член 228.**
**Глава XXIII од КЗ - Кривични дела против имотот**
7 предмети за кривично дело – Кражба – **член 235**;
1 предмет за кривично дело – Кражба на електрична енергија, топлинска енергија или природен гас - **член 235-а**;
42 предмети за кривично дело – Тешка кражба – **член 236**;
21 предмет за кривично дело – Разбојништво – **член 237**;
1 предмет за кривично дело – Разбојничка кражба – **член 238;**
3 предмети за кривично дело – Затајување – **член 239**;
1 предмет за кривично дело – Оштетување туѓи предмети – **член 243**;
2 предмети за кривично дело – Бесправно градење – **член 244-а**;
21 предмети за кривично дело – Измама – **член 247**;
2 предмети за кривично дело – Злоупотреба на довербата **– член 252**;
1 предмет за кривично дело – Изнуда – **член 258**;
1 предмет за кривично дело – Уцена **– член 259.**
**Глава XXIV од КЗ - Кривични дела против култ. Наследство и природните реткости**
1 предмет за кривично дело – Присвојување на добра под привремена заштита или културно наследство или природна реткост – **член 265**;
**Глава XXV од КЗ - Кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството**
3 предмети за кривично дело-Перење пари и други приноси од казниво дело-**член 273**;
4 предмети за кривично дело – Криумчарење – **член 278**;

7 предмети за кривично дело – Даночно затајување – **член 279**;
1 предмет за кривично дело – Неовластена употреба на туѓа фирма **– член 285**;
2 предмети за кривично дело–Злоупотреба на овластување во стопанството **– член 287.**

**Глава XXVI од КЗ - Кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот**

2 предмети за кривично дело – Предизвикување општа опасност – **член 288**;
4 предмети за кривично дело – Тешки дела против општата сигурност – **член 292**;

**Глава XXVII од КЗ - Кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај**

1 предмет за кривично дело-Загрозување на безбедноста на сообраќајот-**член 297**;
27 предмети за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот – **член 300**;
1 предмет за кривично дело – Повреда на стражарска, патролна или друга слична служба - **член 336**.

**Глава XXVIII од КЗ - Кривични дела против државата**

5 предмети за кривично дело – Терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста – **член 313.**

**Глава XXX од КЗ - Кривични дела против службената должност**

10 пред.за кривично дело–Злоупотреба на службена положба и овластување-**член 353**;
3 предмети за кривично дело – Несовесно работење во службата – **член 353-в**;
1 предмет за кривично дело – Проневера во службата – **член 354**;
1 предмет за кривично дело – Послужување во службата **– член 356;**
1 предмет за кривично дело – Примање поткуп – **член 357.**

**Глава XXXI од КЗ - Кривични дела против правосудството**

3 предмети за кривично дело – Давање лажен исказ – **член 367**;
2 предмети за кривично дело – Незаконито влијание врз сведоци – **член 368-а.**

**Глава XXXII од КЗ - Кривични дела против правниот сообраќај**

9 предмети за кривично дело – Фалсификување исправа – **член 378**;
1 предмет за кривично дело – Надриписарство **– член 381-а**.

**Глава XXXIII од КЗ - Кривични дела против јавниот ред**

3 предмети за кривично дело – Спречување службено лице во вршење службено дејствие – **член 382**;
4 предмети за кривично дело – Напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста – **член 383**;
13 предмети за кривично дело – Насилство – **член 386**;
1 предмет за кривично дело – Самовластие – **член 392**;
10 предмети за кривично дело – Злосторничко здружување – **член 394**;
19 предмети за кривично дело – Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи – **член 396**;

**Глава XXXIV од КЗ - Кривични дела против човечноста и меѓународното право**

1 пред.за кривично дело – Воено злосторство против цивилно население **- член 404;**
7 предмети за кривично дело – Криумчарење мигранти – **член 418-б**;
3 предмети за кривично дело – Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти – **член 418-в**;
2 предмети за кривично дело – Злоупотреба на безвизниот режим со државите членки на Европската Унија и на Шенгенскиот договор – **член 418-д**;
1 предмет за кривично дело–Трговија со малолетно лице– **член 418-г.**

**Структурата на решените предмети по видот на прекршоци, заведени во уписникот – КР е следна:** 28 предмети за прекршок од ЗБСП, 50 предмети за прекршок од Закон за јавен ред и мир, 4 предмети за прекршок од Закон за шуми, 8 предмети за прекршок од Закон за возила, по 2 предмети за прекршок од Закон за данокот на додадена вредност, од Закон за игри на среќа и забавни игри и од Законот за трговија и по 1 предмет за прекршок од Закон за финансиска дисциплина, од Изборен законик, од Закон за електронски комуникации, од Законот за безбедност и здравје при работа, од Законот за спречување на насилство, од Законот за работните односи и од Законот за

хартии од вредност.

Од вкупно решени 257 предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда по бројот на предмети и осудени лица, состојбата е следна:

**Табела 2**

| | Со 1 лице | Со 2 лица | Со 3 лица | Со 4 лица | Со 5 лица | Со 7 лица | Со 8 лица | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **КВП1** | 121 | 13 | 4 | - | - | - | - | 138 |
| **КВП2** | 87 | 8 | 2 | 1 | - | - | - | 98 |
| **КВП-КОК1** | 1 | - | - | - | 1 | - | - | 2 |
| **КВП-КОК2** | 7 | 4 | 2 | 2 | 1 | 2 | 1 | 19 |
| **Вкупно** | 216 | 25 | 8 | 3 | 2 | 2 | 1 | 257 |

Од вкупно решените 257 предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда – **КВП1, КВП2, Квп.КОК1 и Квп.КОК2** по апелациони судови и според одлуката на советот, состојбата е прикажана во табела 3.

**Табела 3**

| судови | КВП1, КВП2 | | КВП-КОК1 | | КВП-КОК2 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | решени | нерешени | решени | нерешени | решени | нерешени |
| **Апелационен суд Скопје** | 108 | 53 | 2 | 1 | 19 | 15 |
| **Апелационен суд Битола** | 45 | 26 | - | - | - | - |
| **Апелационен суд Штип** | 37 | 21 | - | - | - | - |
| **Апелационен суд Гостивар** | 46 | 36 | - | - | - | - |
| **Вкупно** | 236 | 136 | 2 | 1 | 19 | 15 |
| | | | 3 | | 34 | |

Состојбата на предметите по барањата за заштита на законитоста-**КЗЗ** поднесени од страна на Јавното обвинителство на Република Македонија кои биле во постапка пред Одделот за казниви дела, а кои се однесуваат на апелационите и основните судови е како што е прикажана во табелата бр.4.

**Табела бр. 4**

| Апелационен суд | Основен суд и број на предмети | Одбиено барање | У В А Ж Е Н И | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Укината I ст.пресуда | Укината II ст.пресуда | Укината I-ст. и II ст. пресуда | Повреда на КЗ | Ослободи. пресуда | отфрлени | Преиначе. или на друг начин | Решени | Нерешени |
| Скопје 17 предмети | ОС Скопје I -11<br>ОС Куманово-2<br>ОС Неготино-1<br>ОС Велес-2<br>ОС Кавадарци-1 | 3 | - | 1 | 2 | 3 | - | - | 1 | 10 | 7 |
| Битола 10 предмети | ОС Струга-2<br>*ОС Битола-4*<br>ОС Охрид-2<br>ОС Прилеп-1<br>ОС Ресен-1 | 3 | - | - | 1 | 1 | - | 1 | - | 6 | 4 |
| Штип 19 предмети | ОС Струмица-10<br>ОС Кочани-3<br>ОС Радовиш-1<br>ОС С.Николе-2<br>ОС Штип-3 | 3 | - | - | 4 | 4 | - | - | - | 11 | 8 |
| Гостивар 12 предмети | ОС Тетово-4<br>ОС Гостивар-7<br>ОС Дебар-1 | - | - | 1 | 5 | - | - | 1 | 1 | 8 | 4 |
| Вкупно во работа предмети: 58<br>Вкупно решени предмети: 35 | | 9 | - | 2 | 12 | 8 | - | 2 | 2 | 35 | 23 |

| 1 лице | 2 лица | 3 лица | 4 лица | Вкупно осудени лица |
|---|---|---|---|---|
| 31 пред | 3 пред | 1 | - | 35 |

Видно од табелата 4, од вкупно решените 35 барања, одбиени се 9 како неосновани. Од уважените: во 2 предмети е укината само второстепена пресуда, во 12 предмети е укината првостепена и второстепена пресуда, во 8 предмети е констатирана повреда на КЗ, во 2 предмети е преиначена одлуката, во 2 предмети е отфрлено барањето, а нерешени предмети останале вкупно 23.

По апелациони подрачја состојбата е следна: 17 предмети од Апелациониот суд Скопје, 10 предмети од Апелациониот суд Битола, 19 предмети од Апелациониот суд Штип и 12 предмети од Апелациониот суд Гостивар.

Со едно осудено лице имало 31 предмет, со две лица 3 предмети и со три лица 1 предмет или вкупно 35 осудени лица.

Состојбата на предметите во постапка на трет степен – **ВкЖ1** по жалби на решенија на притвор и по жалби на пресуди на Апелационите судови е прикажана во табела 5.

**Табела 5-1**

| **Број на примени предмети во 2018 година** | **Останати од 12 месец 2017 година** | **Вкупно во работа** | **отфрлени** | **Одбиени** | **Уважени** | **На друг начин** | **Решени** | **Нерешени** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **42** | **2** | **44** | **-** | **38** | **6** | **-** | **44** | **-** |
| **42** | **2** | **44** | **-** | **38** | **6** | **-** | **44** | **-** |

**Табела 5-2 ВКЖ2 - жалби по пресуди во трет степен**

| Број на примени предмети во 2018 година | Останати од 12 месец 2017 година | Вкупно во работа | отфрлени | Одбиени | Уважени | На друг начин | Решени | Нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **45** | **14** | **59** | **3** | **17** | **17** | **-** | **37** | **22** |
| **45** | **14** | **59** | **3** | **17** | **17** | **-** | **37** | **22** |

Новопримени предмети по жалба на решенија за притвор во 2018 година се 42 предмети, 2 предмети останати од месец декември 2017 година или вкупно во работа биле 44 предмети, од кои во 38 предмети жалбата е одбиена како неоснована, а во 6 предмети уважени се жалбите.

По жалба по пресуди во трет степен – **ВкЖ2** примени се во 2018 година 45 предмети, 14 предмети останале од месец декември 2017 година, или вкупно во работа биле 59 предмети од кои 17 предмети се одбиени, 17 предмети се уважени, 3 предмети отфрлени, а останале нерешени 22 предмети.

Состојбата по предметите за вонредно ублажување на казната - **ВУК** е следна:

Од 2017 година останале нерешени 14 предмети, новопримени во 2018 година се 58 предмети, вкупно во работа биле 72 предмети од кои решени се 55 предмети, а останале нерешени 17 предмети. По видот на одлуката: 47 предмети се одбиени, 6 уважени, нема отфрлени предмети, а на друг начин 2 предмети.

Состојбата по предметите заведени под **КР**, каде Врховниот суд на Република Македонија донесува одлуки за решавање на судир на надлежност, за пренесување на месна и стварна надлежност, по поднесени поднесоци од страна на на супсидијарен тужител, по поднесени барања за екстрадиција, по поднесени барања за застареност во прекршочна постапка, по поднесени барања за враќање во поранешна постапка и друго, е следна:

Од 2017 година останале нерешени 20 предмети, новопримени во 2018 година се 108 предмети, вкупно во работа биле 128 предмети, од кои решени се 116 предмети, а останале нерешени 12 предмети. По видот на одлуката: 9 предмети се одбиени, 73 предмети се уважени, 2 предмети се отфрлени и 32 предмети на друг начин.

## ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПОСТАПКАТА ПО ОСНОВИ И ПО ПРЕДМЕТИ

Времетраењето на постапката по предметите пред Врховниот суд на Република Македонија од приемот на предметите во Одделот за казниви дела до нивно решавање и експедиција е прикажан во **табела бр.6**.

Во 2018 година како произлегува и од табелата за времетраење на постапката, по одделен број на предмети не можело веднаш да се постапува поради административни пречки, кои требало да бидат надминати (прибавување на списи, немање на оригинални списи, уредување на достава на второстепена пресуда до осудениот, доставени докази во фотокопии и слично).

Кај предметите во кои судот постапувал во трет степен **ВкЖ**, постапката траела подолго во фаза на проучување на предметот, а било потребно и време за закажување и одржување на јавни седници на советот.

Некои од предметите во судот пристигнувале и со некомплетни списи, па било потребно да се вратат на судовите, или на Јавното обвинителство на Република Македонија административно, или пак се правеле обиди тоа да го прави судијата, на кого му бил распределен предметот со преписка, со органот од кого е добиен предметот.

**Табела 6**

| Уписник | Вкупно во работа | Решени | до 1 месец | до 2 месеца | до 3 месеца | до 4 месеци | до 5 месеци | до 6 месеци | до 7 месеци | до 8 месе ци | до 9 месеци | до 10 месеци | до 11 месеци | до 12 месеци | преку 1 година | Нерешени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписник за вондредно преиспитување на правосилна пресуда-организиран криминал 3 | 3 | 2 | | | | | | | | | | | | 1 | 1 | 1 |
| Уписник за вондредно преиспитување на правосилна пресуда-организиран криминал 5 | 34 | 19 | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | | 1 | 1 | | | 13 | 15 |
| Уписник за жалби на решенија на притвор | 44 | 44 | 43 | | | | | | | 1 | | | | | | |
| Уписник по барање за заштита на законистоста по кривични предмет | 58 | 35 | | 4 | 2 | 8 | 4 | 7 | 1 | | 1 | 1 | 3 | 1 | 3 | 23 |
| Уписник за жалби по пресуди во трет степен | 59 | 37 | | 2 | 7 | 4 | 5 | 3 | 6 | 1 | 4 | 1 | | | 4 | 22 |
| Уписник за барање за вонредно ублажување на казната | 72 | 55 | 6 | 21 | 10 | 6 | 2 | 4 | | | 1 | | | | 5 | 17 |
| Уписник за разни кривични предмети | 128 | 116 | 56 | 28 | 10 | 4 | 7 | | 1 | | 1 | | | 1 | 8 | 12 |
| Уписник за вондредно преиспитување на правосилна пресуда- 3 | 182 | 138 | 3 | 5 | 10 | 3 | 4 | 2 | 4 | 6 | 9 | 3 | 6 | 5 | 78 | 44 |
| Уписник за вондредно преиспитување на правосилна пресуда- 5 | 190 | 98 | | 7 | 11 | 5 | 6 | 5 | 3 | 6 | 2 | 2 | 1 | 1 | 49 | 92 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | 770 | 544 | 108 | 67 | 50 | 31 | 29 | 22 | 16 | 14 | 19 | 8 | 10 | 9 | 161 | 226 |

## ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА

### Обем на работа

Од бројчаните показатели **за 2018** година во Одделот за граѓански дела имало вкупно во работа **2.287** предмети, од кои **1.084** нерешени предмети останати од 2017 година, а новопримени предмети се **1.204 предмети од кои 1201 новопримени и 3 повторно во работа.** Во споредба со 2017 година кога биле примени **1.225** предмети, приливот на нови предмети во 2018 година е намален за **21** предмет.

Во извештајната година решени се **1.341 предмет**, а останале нерешени **946** предмети. Споредено со 2017 година кога биле решени **1.372** предмети, во извештајната година решени се **31** предмет помалку.

Споредено со 2017 година, кога останале **1.083** нерешени предмети, бројот на нерешените предмети на крајот од 2018 година изнесува **946**, и е намален за **137** предмети.

Во 2018 година во Одделот за граѓански дела приливот на нови предмети е совладан, односно во 2018 година примени се вкупно **1204** предмети а решени се вкупно

**1341** предмети, со што заостатокот е намален за **137** предмети.

Структурата на нерешени 946 предмети е следна: 2 предмети останале нерешени од 2016 година, а од 2017 година останале нерешени 76 предмети, од кои од Уписникот **Рев1 - 3** предмети, од Уписникот **Рев2 - 73** предмети. Останатите 868 нерешени предмети се од 2018 година.

Постигнатите резултати се должат на зголемената заложба да се решат што поголем број на предмети и покрај тоа што во Одделот за граѓански дела бројот на судиите известители беше намален во однос на претходната 2017 година, одделни судии и виши судски соработници постапуваа по предмети и од друга материја, заминувањето во пензија на еден судија.

**НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ**

**Постапка по ревизија**

Ревизијата, како вонреден правен лек, се користи од странките за заштита на своите права и интереси. Од вкупниот број граѓански предмети **2.287** кои биле во работа во 2018 година по ревизија биле **2.118** предмети,од кои од Уписникот **Рев1 – 539** предмети, од Уписниот **Рев2 – 1260** предмети и од Уписникот **Рев3 – 319** предмети, односно по ревизии биле **92,61%** од вкупниот број предмети, а од овие решени по ревизија се **1.188** предмети, односно **56,09 %.**

Од решените **1.188** предмети, содржината на одлуките по ревизии изгледа вака: одбиени се **741** односно **62,37%**, преправени **83** односно **6,99%**, укинати **158** односно **13,30 %**, отфрлени **206** односно **17,34%.**

Според бројот на **одбиените ревизии,** споредбено со претходните години, резултатите изгледаат вака: во 2003 година е **45,16%**, во 2004 година **38,6%**, во 2005 година **40,33%**, во 2006 година **60 %**, во 2007 година **54,5%,** во 2008 година **49,2%**, во 2009 година **47,7%,** во 2010 година **59%,** а во 2011 година **53,8%,** во 2012 година година **47,6%,** во 2013 година **58,70%,** во 2014 година **58,30%**, во 2015 година **58,17%**, во 2016 година **50,8%,** во 2017 година **58,84,** и во 2018 година **62,37%** Од овие бројки се гледа дека процентот на ревизиите кои се одбиени како неосновани во 2018 година, споредбено со претходната година, е незначително зголемен.

Состојбата кај апелационите судови по однос на **одбиените ревизии во 2018 година,** изгледа вака:

**Апелационен суд Скопје,** од вкупно **741** решени ревизии, **473** ревизии биле одбиени како неосновани или **63,83 %**;

**Апелационен суд Битола** од вкупно **196** предмети, **113** ревизии биле одбиени како неосновани или **57,65 %**;

**Апелационен суд Штип** од вкупно **97** предмети, **63** ревизии биле одбиени како неосновани или **64,95 %**,

**Апелационен суд Гостивар** од вкупно **147** предмети, **92** ревизии биле одбиени како неосновани или **62,58%;**

Преиначувањето на побиваните одлуки настанува кога фактичката состојба е правилно и целосно утврдена, а погрешно е применето материјалното право. Ако се споредат бројките за последните години, состојбата е следна: во 2003 година **49 одлуки** или **4,4%**, во 2004 година **31** или **4,7%**, во 2005 година **18** или **2,7%**, во 2006 година **88** или **10,26%**, во 2007 година **52** или **5,1%,** во 2008 година **111** или **5,4%**, во 2009 година **118** или **7%,** во 2010 година **100** или **8,7%,** во 2011 година **70** или **6,7%,** во 2012 година **66** или **4,6%,** во 2013 година **118** или **6,33%,** во 2014 година **117** или **6,47%,** во 2015 година **108** или **7,5%** и во 2016 година преправени **72** одлуки или **6,90%,** во 2017 преправени **82** односно **6,74%** и во 2018 година преправени 83 односно **6,99%** Овие бројки покажуваат дека преиначувањето на судските одлуки во последната година е незначително зголемено споредено со претходната извештајна година, односно нема значителни промени на резултатите на Апелационите судови што се однесува на овој дел од работењето споредено со претходната година.

Состојбата на апелационите судови по однос на **усвоени ревизии со преиначени одлуки во 2018 година,** е следна:

**Апелационен суд Скопје** од вкупно **741** решени ревизии, биле преиначени **51** или **6,88%;**

**Апелационен суд Битола** од вкупно **196** решени ревизии, биле преиначени **14** или **7,14%;**

**Апелационен суд Штип** од вкупно **97** решени ревизии, преиначени се **4** ревизии или **4,12%** и

**Апелационен суд Гостивар** од вкупно **147** решени ревизии, преиначени се **14** ревизии или **9,52 %**.

Состојбата на апелационите судови по однос на **усвоени ревизии со укинати одлуки во 2018 година,** изгледа вака:

**Апелационен суд Скопје** од вкупно **741** предмети, **100** се укинати или **13,50%;**
**Апелационен суд Битола** од вкупно **196** предмети, **30** се укинати или **15,31%;**
**Апелационен суд Штип** од вкупно **97** предмети, **15** се укинати или **15,46%** и
**Апелационен суд Гостивар** од вкупно **147** предмети, **13** се укинати или **8,84%.**

Состојбата на апелационите судови по однос на **отфрлени ревизии во 2018 година,** е следна:

**Апелационен суд Скопје** од вкупно **741** предмети, **117** се отфрлени или **15,79%;**
**Апелационен суд Битола** од вкупно **196** предмети, **39** се отфрлени или **19,90%;**
**Апелационен суд Штип** од вкупно **97** предмети, **15** се отфрлени или **15,46%**
**Апелационен суд Гостивар** од вкупно **147** предмети, **28** се отфрлени или **19,04%.** и
**Управен суд 7** предмети.

**Табела 1**

| **Апелациони судови** | **отфрлени** | **одбиени** | **преиначени** | **укинати** | **на друг начин** | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **АС Скопје** | **117** | **473** | **51** | **100** | | **741** |
| **АС Битола** | **39** | **113** | **14** | **30** | | **196** |
| **АС Штип** | **15** | **63** | **4** | **15** | | **97** |
| **АС Гостивар** | **28** | **92** | **14** | **13** | | **147** |
| **Управен** | **7** | | | | | **7** |
| **Вкупно** | **206** | **741** | **83** | **158** | | **1188** |

**ОСТАНАТИ ПОСТАПКИ**

Одделот за граѓански дела освен по вонредни правни лекови, одлучувал и по други предмети од негова надлежност. Тоа се, предмети за **судир на надлежност, определување на друг стварно надлежен суд, продолжување рок за поднесување на тужба за оспорување на татковство,** од кои биле во работа вкупно **169** предмети и од овие решени се **153** предмети, или **90,53%**, а останале нерешени **16** или **9,47%**.

**Структура на предметите**

Гледано според правните основи во ревизиите по кои се одлучувало во Одделот за граѓански дела во текот на 2018 година, може да се констатира различност. Најмногубројни се предметите по основ на **надомест на штета - 315** предмети или **26,52%,** потоа по основ **долг - 273** предмети или **22,98%**, **работни спорови - 194** предмети или **16,33%,** за **сопственост и владение -118** предмети или **9,93%,** за **стечај - 86** предмети или **7,24%, поништување и раскинување на договор - 80** предмети или **6,73%,** за **неосновано збогатување - 41** или **3,45 %**, за **издршка - 40** предмети или

**3,37%, други спорови - 38 предмети или 3,20%, авторски права и индустриска сопственост – 3** или **0,25%.**

**Табела 2**

| Основ | 2017 | 2018 | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| издршка | 15 | 40 | | |
| Надомест на штета | 292 | 315 | | |
| Стекнување без основ | 36 | 41 | | |
| Поништување и раскин.на договор | 105 | 80 | | |
| долг | 258 | 273 | | |
| Сопственост и владение | 146 | 118 | | |
| Работни спорови | 236 | 194 | | |
| Стечај автор. права и инд. сопств. | 97 | 86<br>3 | | |
| Други спорови | 30 | 38 | | |

Споредбено со претходната година, во 2018 година има разлика во бројот на ревизиите по кои се одлучувало по следните основи: по основот **поништување и раскинување на договор** кој е процентуално намален, односно во **2017** година биле решени **105** предмети или **8,64%**, а во **2018** година **80** предмети или **6,73%**, по основот **работни спорови** бројот на решени предмети процентуално е намален, односно во **2017** година биле решени **236** предмети односно **19,42%,** а во **2018** година **194** предмети односно **16,32%**, по основот **сопственост и владение**, бројот на решени предмети процентуално е намален, односно во **2017** година биле решени **146** предмети или **12,02%**, а во **2018** година **118** предмети односно **9,93%**, по основот **издршка**, бројот на решени предмети во **2017** изнесува **15**, односно **1,23%**, а во **2018** година **40** предмети односно **3,37%**. По другите основи не е забележена поголема разлика во бројот на ревизиите по кои се одлучувало во извештајната година споредбено со претходната 2017 година.

**Решени предмети по месеци – 2018 година**

| | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | X | XI | XII | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Рев1**<br>**рев2** | 28<br>39 | 28<br>58 | **27**<br>**61** | **51**<br>**61** | **35**<br>**58** | **32**<br>**66** | 46<br>42 | 27<br>23 | **6**<br>**35** | 28<br>36 | 23<br>65 | 42<br>77 | 373<br>621 |
| **Рев3**<br>**Р** | 10<br>11 | 9<br>12 | 20<br>9 | 19<br>9 | 16<br>9 | 22<br>15 | 24<br>6 | 15<br>5 | 5<br>20 | 21<br>16 | 15<br>23 | 18<br>18 | 194<br>153 |
| **Вкупно** | **88** | **107** | **11**<br>**7** | **140** | **118** | **135** | **118** | **70** | **66** | **101** | **126** | **155** | **1341** |

**Траење на постапката**

Во 2018 година од вкупно решени **1.341** предмети, траењето на постапката од **1 до 3 години** била кај **629** предмети, **од 8 месеци до 1 година** кај **350** предмети, **од 6 до 8 месеци** кај **97** предмети, **од 3 до 6 месеци** била кај **43** предмети, **од 2 до 3 месеци** кај **37** предмети, **од 1 до 2 месеци** кај **79** предмети, **до 1 месец** траела постапката кај **106** предмети. Очигледно за добар дел од предметите постапката пред овој суд сеуште релативно долго трае, иако неспорно тој тренд споредбено со претходните години оди

кон подобрување.

**ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК**

**Обем на работа на ОДДЕЛОТ**

Во текот на **2018** година, Одделот за судење во разумен рок **во работа** имал вкупно **806** предмети (во двата степени на одлучување), од кои:

**593** предмети во прв степен или **73,5%** и

**213** предмети во втор степен или **26,5%.**

**Од вкупниот број 806 предемети во работа во Одделот, во текот на 2018 година, вкупно се решени 572 или предмети или 71 % од кои:**

**376** предмети во прв степен или **65,7 %**и

**196** предмети во втор степен или **34,3 %.**

**Од вкупно 806 предмети во работа во Одделот нерешени од претходниот извештаен период (во двата степени на одлучување) останале 304 предмети или 38%, од кои:**

**286** предмети во прв степен или **94 %** и

**18** предмети во втор степен или **6 %.**

**Новопримени** се вкупно **502** предмети или **62,3 %** од кои:

**307** предмети во прв степен или **61%** и

**195** предмети во втор степен или **39 %.**

**Од вкупно решени 572 предмети во Одделот во 2018 година:**

I. Во вкупно **319** предмети **или 56%** - барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, **е одбиено** како неосновано, од кои:

**160** предмети во прв степен или **50%** и

**159** предмети во втор степен или **50%**.

II. Во вкупно **191** предмети или **33%** - барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, **е усвоено**, од кои:

**163** предмети во прв степен или **85%**и

**28** предмети во втор степен или **15 %.**

III. Во вкупно **62** предмети или **11%**, барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, **е отфрлено**, од кои:

**53** предмети во прв степен или **85%** и

**9** предмети во втор степен или **15%**.

IV. Вкупно **234** предмети или **29%**, од вкупниот број **806** предемети во работа **останале нерешени**; од кои:

**217** предмети во прв степен или **93%** и

**17** предмети во втор степен или **7%**.

**Обем на работа на ПРВОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ**

Во текот на **2018** година, пред првостепениот совет вкупно во работа имало **593** предмети или **73,5 %**, од вкупно **806 предмети во Одделот,** од кои:

**Од вкупно 593 предмети во работа пред првостепениот совет, 286 предмети или 48,2% останале нерешени од 2017 година, од кои:**

**86** предмети од граѓанска материја или **30%**,

**142** предмети од управна материја или **50%,**

**58** предмети од кривична материја или **20%**.

**Од вкупно 593 предмети во работа пред првостепениот совет, новопримени се вкупно 307 предмети или 51,8%, од кои:**

**134** предмети од граѓанска материја или **43,6%**;

**107** предмети од управна материја или **35%,**

**66** предмети од кривична материја или **21,4%**.

**Во 2018 година од вкупниот број од 593 предмети во работа пред првостепениот совет:**

**220** предмети од граѓанската материја или **37%,**

**249** предмети од управна материја или **42%,**

**124** предмети од кривична материја или **21%**.

**Во 2018 година вкупно се решени 376 предмети од кои:**

**139** предмети се од граѓанска материја или **37%**,

**177** предмети се од управна материја или **47%,**

**60** предмети се од кривична материја или **16%.**

**Од вкупно 217 незавршени предмети на крајот на 2018 година од кои,**

**81** предмети од граѓанската материја **37%,**

**72** предмети од управна материја или **33%,**

**64** предмети од кривична материја **30%.**

**ВИД И НАЧИН НА РЕШАВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ ВО ПРВОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ**

Од вкупно **376** решени предмети или **63,4%** од вкупно **593** предмети во работа пред првостепениот совет:

Во **163** предмети или **43,5%**, барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е **усвоено, од кои:**

**55** предмети од граѓанската материја или **34%,**

**76** предмети од управна материја или **46%,**

**32** предмет од кривична материја или **20%.**

**Во 160** предмет или **42,5%**, барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е **одбиено како неосновано, од кои:**

**60** предмети **се од** граѓанската материја или **37,5%,**

**19** предмети **се од** кривична материја или **12%,**

**81** предмети **се** од управна материја или **50,5%.**

**Во 53** предмети или **14%**, барањето за заштита на правото на судење во разумен рок е **отфрлено, од кои:**

**24** предмети се од граѓанската материја или **45%,**

**9** предмети се од кривична материја **17%,**

**20** предмети се од управна материја **38%.**

Анализата на вкупниот број решени предмети пред првостепениот совет и параметрите на усвоени, одбиени и отфрлени барања во овој извештаен период покажуваат дека преовладува бројот на решени предмети со усвојување на барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, особено во предметите од управната материја.

**Време на постапување на ПРВОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ**

Од вкупно во работа **593** предмети, **во прв степен решени се** вкупно **376** предмети, во кои времетраењето на постапување на првостепениот совет на Врховниот суд по изјавените барања за заштита на правото на судење во разумен рок, го опфаќа периодот од приемот на барањето во Врховниот суд на Република Македонија, до експедирање на првостепеното решение на подносителот на барањето.

**Од вкупно решените 376 предмети**

**-** во период **до 1 месец** решени се **3** предмети или **0,8%** од кои,
**2** од граѓанска материја и
**1** од кривична материја.

**-** во период **од 1 до 2 месеци** решени се вкупно **23** предмети или **6,2%** од кои:
**16** предмет се од граѓанската материја
**6** предмети се од управната материја
**1** предмети од кривичната материја,

**-** во период **од 2 до 3 месеци** решени се вкупно **30** предмети **или 8%,** од кои:
**16** предмети се од граѓанската материја
**12** предмети се од управната материја
**2** предмети се од кривичната материја,

**-** во период **од 3 до 6 месеци,** решени се вкупно **116** предмет или **30%,** од кои
**61** предмети се од граѓанската материја
**40** предмети се од управната материја
**15** предмети се од кривичната материја.

**-** во период **подолг од 6 месеци**, решени се **204** предмети или **54%,** од кои:

**44** предмети се од граѓанската материја,
**119** предмети од управната материја,
**41** предмети од кривичната материја.
- Останати за работа во **2019** се вкупно **217** предмети, од кои:
**81** предмети се од граѓанската материја
**72** предмети од управната материја
**64** предмети од кривичната материја.

Причина за пречекорување на рокот од **6 месеци** како законска рамка за решавање на овој вид предмети пред Врховниот суд на Република Македонија, а видно од бројот на нерешени **217** предмети, е главно недоставувањето на списи на предметите на кои се однесува барањето. Имајќи го предвид наведеното, произлегува задоцнетото произнесување на судиите кои постапуваат по предметите, односно големиот број на незавршени предмети во првостепениот совет и покрај повеќе испратени ургенции за достава на списи по доставено барање до судот кој постапувал по конкретниот предмет на кој се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок.

Во овој контекст, недостасува правно средство со кое Врховниот суд ќе се наметне пред пониските судови за побрзо доставување на списите на предметите, особено во случаите кога предмет на кој се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, е активен предмет, односно предмет во тек, каде важи правило да се создадат услови постапката по предметот да продолжи во фазата во која се наоѓа и да не го чека одлучувањето по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок. Неможноста, во сите случаи да се почитува рокот од **6 месеци** за решавање по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок се воочува во секоја од досегашните извештајни години – периоди и била предмет на разгледување и пред седниците на Одделот, каде се донесени соодветни заклучоци, кои сами по себе не можат да дадат резултат, ако системски не се пристапи и кон преиспитување на процесните правила за решавање по овој вид предмети, како и објективноста на поставената законска рамка, која не кореспондира со судската пракса на Европскиот суд за човекови права. Имено, со законската рамка од **6 (шест) месеци** и не создавањето на процесни услови да се забрза постапката, односно решавање на предметите во тој рок и во двата степени на одлучување пред Врховниот суд на Република Македонија, само по себе значи давање можност странките – барателите да се жалат и на долгото постапување на Судот. Неможноста Судот во сите случаи да го испочитува рокот – рамката од **6** (**шест) месеци** за завршување на постапките по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок, значат и обврска за преиспитување на законскиот рок во контекст на конзистентност на постапката пред Врховниот суд и Европскиот суд за човекови права и праксата на тој суд. Во тој контекст, се потенцира обврската за претседателите на судовите, да се заложат за доставување на списите на предметите по кои се врши оценка на постапувањето во разумен рок, се со цел Судот да може да ги испочитува роковите за судење во разумен рок, имајќи предвид дека последиците од ненавременото постапување по задолжението за доставување на списите по предметите кои се потребни за постапување по барањата за судење во разумен рок, се одразува на вкупното постапување по овие предмети пред Судот, а со тоа и на оценката за ефикасноста на правното средство. Од значење за следење на ефикасноста на правното средство е да се инсистира преку претседателите на судовите, навремено да се даваат податоци за почитувањето на роковите дадени од овој суд за завршување на предметите кои се во тек, во процесната фаза на одлучување на која се однесува барањето за заштита на правото на судење во разумен рок.

## ОБЕМ НА РАБОТА НА ВТОРОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ

Во текот на **2018** година, пред второстепениот жалбен совет вкупно во работа имало **213 или 26,5%** предмети, од вкупниот број **806** предмети во Одделот, од кои:
**18** предмети **или 8,5% останале** нерешени од претходниот извештаен период

**195** предмети или **91,5%се новопримени предмети** во извештајната **2018** година.

## НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ИЗЈАВЕНИТЕ ЖАЛБИ

Во текот на **2018** година **вкупно се решени 196** предмети или **92%** од кои:
во **159** предмети или **81%** жалбата е одбиена како неоснована,
во **28** предмети **или 16%** жалбата е усвоена и
во **9** предмети или **3%** жалбата е отфрлена,
- од вкупно **213** предмети во работа, **17** предмети или **8%** останале нерешени.

Анализата на вкупниот број решени предмети во второстепениот совет и тие дадени по структура, покажува тенденција на побрзо решавање на предметите и намалување на заостатокот на решени предмети, а параметрите на усвоени, одбиени и отфрлени барања и во овој извештаен период покажуваат дека преовладува бројот на решени – предмети со одбивање на жалбата како неоснована односно со **потврдување на првостепеното решение** во вкупно **159** предмети**.**

## Време на постапување на ВТОРОСТЕПЕНИОТ СОВЕТ по изјавените жалби

Времетраењето на постапување на второстепениот совет надлежен за одлучување по жалбите изјавени против првостепените решенија, го опфаќа периодот од приемот на жалбата во Судот, до експедирање на второстепеното решение до подносителот на барањето.

Од вкупниот број од **213** предмети во работа пред второстепениот жалбен совет, решени се вкупно **196** предмети,
за период до **1 месец** постапката е завршена во **69** предмети**,**
за период од **1 до 2 месец**и постапката е завршена во **85** предмети,
за период од **2 до 3 месеци** постапката е завршена во **23** предмети,
за период од **3 до 6 месеци** постапката е завршена во **17** предмети**,**
за период од **над 6 месеци** постапката е завршена во **2** предмети**,**

Од вкупно **224** предмети во работа, **нерешени** останале **17** предмет**и.**

Анализата на времето на решавање на предметите пред жалбениот совет, покажува **релативно почитување на рокот од 6 месеци**, како законска рамка за решавање по предметите и во двата степена на одлучување пред Судот. Ова, особено што при поставувањето на законската рамка од 6 месеци не се имало во вид потребното време за доставување на решените предмети во прв степен до странките и течењето на рокот за жалба. Оттука, времето на решавање на предметите пред жалбениот совет земено само за себе детерминира дека рокот за постапување по овој вид предмети пред Врховниот суд е неконзистентен со праксата на **ЕСЧП**.

## ПРАВИЧЕН НАДОМЕСТОК

Од вкупно решените **572 предмети, од кои 376** предмети во прв степен и **196** предмети во втор степен во жалбената постапка, по кои е одлучувано во Одделот за судење во разумен рок во **2018** година, **максималиот** износ кој е досуден на име правичен надоместок поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок **во првостепениот совет** е **320.000,00** денари, а **минимално** досудениот износ **во првостепениот совет** е **5.000,00** денари. Додека пак, **максималиот** износ кој е досуден на име правичен надоместок поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок **во второстепениот** совет изнесува **25.000,00** денари, а **минималниот** износ на име правичен надоместок од страна на второстепениот совет изнесува **5.000,00** денари.

Од вкупно решени **572** предмети во **2018** година е донесена правосилна одлука со определен надоместок за утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, во **прв степен** досуден е правичен надоместок во вкупен износ од **4.233.000,00** денари, а во **втор степен** износ од **317.900,00** денари или вкупен износ во двата степена на одлучување од **4.550.900,00** денари, како на име правичен надоместок, така и за трошоци на постапката по поднесено барање за заштита на правото на судење во разумен рок.

**ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА**

Одделот за судска практика во текот на 2018 година во однос на остварувањето на основната цел, насоките и приоритетите во воедначување и следење на судската практика изготви План и Програма за работа за 2018 година.

Во реализација на планот и програмата, Одделот во текот на 2018 година ги следеше општите правни сфаќања и општите стојалишта на единствена примена на законите во Република Македонија, учествуваше во подготовка на нацрт начелните ставови и начелни правни мислења и ги евидентираше истите, изврши селекција, евидентција и систематизирање на одлуките од правна важност (значајни одлуки) по правни области, по доставени известувања и ex officio, изврши проверка дали определени одлуки се во согласност со правните стојалишта изразени во некоја поранешна или истовремена одлука и ја следеше и ја проучуваше судската практика на пониските судови и на Врховниот суд.

**I.** Во врска со обезбедување на хоризонтално и вертикално воедначување на судската практика, односно остварување на основната цел – обезбедување единство во примена на законите од страна на судовите, Одделот за судска практика во текот на 2018 година ги следеше општите правни сфаќања и општите стојалишта за осигурување на единствена примена на законот, ја следеше примената на Уставот, законите, меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Македонија, практиката на Европскиот суд за човекови права, колективните договори и другите подзаконски акти и нивните измени и дополнувања во одлуките на судовите.

**II.** Во рамките на своето редовно работење, Одделот за судска практика и во текот на 2018 година учествуваше во подготовка на правните мислења и сентенци прифатени на седница на одделите, на заедничките седници на оддели или на седница на судии и нивно објавување на WEB страната на Врховниот суд на Република Македонија во делот за судска практика;

Во 2018 година донесени и објавени на WEB страната се 5 (пет) правни мислења и 17 (седумнаесет) сентенци.

| | | |
|---|---|---|
| **Начелни правни мислења** | **/** | |
| **Начелни ставови** | **/** | |
| **Правни мислење** | **5** | - Снабдување со топлинска енергија, надомест за ангажирана моќност<br>- Амнестија, потреница поради недостапност<br>- Пресуда врз основа на признание<br>- Надомест на плата на припадници на судската полиција<br>- Утврдување на потврда за правосилност и извршност на извршна исправа |

| | | |
|---|---|---|
| **Сентенци** | **17** | - Склучување на нов променет договор за вработување при рапоредување на работник на исто работно место во друга подружница-локација<br>- Распишување нов оглас кога постапката за избор во наставно научни, научни, наставни и соработнички звања не завршила во рок од 6 месеци<br>- Престанок на работниот однос на директор во случај кога е склучен договор со Управниот одбор за уредување на односите со јавното претпријатие<br>- Утврдување постоење или непостоење на правен однос<br>- Уредување на тужба<br>- Повторување на постапката поради пропуштање на доставување на одговор на жалба<br>- Судир на надлежност меѓу основен и управен суд<br>- Застареност на побарувања од договорите за промет на стоки и услуги<br>- Належност на суд во случај кога во приговорот против решение за издавање на платен налог не е истакнат и приговор за месна надлежност<br>- Продолжување на договор за вработување по исполнување на услови за старосна пензија по изјава на работник<br>- Постапување на судот по одлука за повторување на постапката<br>- Дозволеност на ревизија<br>- Застареност на побарување по основ на наплатена јавна давачка<br>- Утврдување на факт дека наспапил прекин на вработување на работник поради наполнети 64 години возраст по сила на закон<br>- Дозволеност на ревизија за камата како споредно побарување<br>- Наследничка (сопственичка) тужба на наследник на право на денационализација<br>- Период за стекнување стварна службеност по одржувачка |

**III.** Одделот за судска практика во текот на 2018 година изврши селектирање, евидентирање и систематизирање на одлуките од правна важност (значајни одлуки) по правни области за нивно објавување на WEB страната на Судот во делот за судска практика. Исто така, во 2018 година, се следеа одлуки на Врховниот суд на Република Македонија и заради воедначување на судската практика се вршеше пребарување на слични или идентични одлуки во базата на податоци која ја има Одделот за судска практика како и во АКМИС програмата преку писарниците и ИТ центарот.

**IV.** Одделот за судска практика во текот на 2018 година исто така ја следеше и проучуваше судската практика на пониските судови, преку бројни доставени одлуки по одредени правни прашања. За дел од овие, доставени се известувања до судовите, а дел се обработени со реферати за разгледување на соодветниот оддел во судот во зависност од областа на која истите се однесуваат.

**V.** Во текот на 2018 година, Одделот постапуваше по вкупно 29 барања од субјекти (доставени директно до Одделот или преку Одделот за граѓански дела) кои се однесуваат на разлики во примена на законите, воедначување на судската практика.

**VI.** Издаден е Билтен на судската практика 2016 - 2017 на Врховниот суд на Република Македонија кој содржи:

**-за 2016 година**

| | |
|---|---|
| **Заклучок на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија** | **1** |
| **Правни мислења** | **5** |
| **Сентенци** | **12** |

| | |
|---|---|
| **Значајни одлуки** | **7** |

**-за 2017 година**

| | |
|---|---|
| **Заклучок** | **2** |
| **Правни мислења** | **8** |
| **Сентенци** | **29** |
| **Значајни одлуки** | **35** |

**VII.** Одделот за судска практика во 2018 година ја следеше и практиката на Европскиот суд за човекови права во Стразбур и тоа преку анализа на одлуките и нивно селектирање за полесно имплементирање на истите во одлуките на Врховниот суд на Република Македонија.

Во рамките на програмата „Подобрување на транспарентноста, правната сигурност и ефикасноста на судството во Македонија“, чиишто активности се спроведуваат во соработка со Центарот за правни истражувања и анализи, а се поддржани од страна на Британската амбасада во Скопје, во Врховниот суд е ангажиран надворешен соработник (консултант) на Одделот за судска практика. Изготвените анализи и материјали беа вклучени и поставени во соодветните фолдери во папката „Судска практика“ со што станаа интерно достапни до сите судии и стручни судски соработници, а со цел да се осигура целосната транспарентност на проектните активности, како и можност за идно непречено користење на изготвените материјали за потребите на постапување по идни предмети.

**VIII.** Одделот за судска практика преку свои преставници го преставуваше Врховниот суд на Република Македонија на Заедничките средби на Апелационите судови одржани на 28-29 06.2018 година во Струга и 05-07.12.2018 во Струмица.

## ОБЈАВЕНИ, АНОНИМИЗИРАНИ ОДЛУКИ НА ВЕБ СТРАНАТА НА СУДОТ

Објавувањето на Одлуките на веб страната на судот се одвива во континуитет согласно предвиденото во Законот за управување со движење на предметите, прикажано во табелата по области.

| | |
|---|---|
| **Кривично** | **380** |
| **Граѓанско** | **1187** |
| **Разумен рок**<br>**ПСРРГ-ПСРРК-ПСРРУ** | **344** |
| **Разумен рок по жалбаПСРРЖ** | **195** |
| **УСПИЖ, РЖ** | **32, 3** |
| **УЗЗ** | **7** |
| **ВКУПНО:** | **2148** |

## БАРАЊА ПО ЗАКОН ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Во Врховниот суд на Република Македонија во 2018 година примени се:

**40** – барања за слободен пристап по Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**3** – жалби поднесени од странките преку Комисијата за заштита на правото на

слободен пристап до информации од јавен карактер, од кои едната е за предмет од 2017 година а другите две жалби се за предмети од 2018 година.

**1** - жалба усвоена со одлука на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер за предмет од 2017 година.

**2** – одбиени жалби од страна на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, од кои едната одбиена жалба е за предмет од 2017 година, а другата одбиена жалба е за предмет од 2018 година.

По сите барања е постапено и одговорено согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во текот на 2018 година, на следниот начин: со одговор на барања, со препраќања на барања, со заклучок за запирање на постапката, со решенија за отфрлање на барањето и решение за одбивање на барањето.

## РАБОТА НА ОПШТА СЕДНИЦА (член 37 од Законот за судовите)

Согласно член 37 од Законот за судовите, во исполнување на уставните и законските надлежности, претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија учествуваа во работата на Општата седница.

Врховниот суд на Република Македонија во текот на 2018 година има одржано **15 Општи седници** на кои се разгледувани повеќе прашања:

- Општата седница даде мислење по Правилникот за надоместоците на судиите поротници.

- Општата седница даде мислење по Информацијата за можноста за стаж на национални судии/правници во ЕСЧП, доставена од Министерство за правда.

- Усвоен е Извештајот за работата на Врховниот суд на Република Македонија за 2017 година.

- На проширена општа седница разгледани се Извештаите за работата на судовите во Република Македонија за 2017 година.

- На посебна седница усвоени се оценките и заклучоците на Врховниот суд на Република Македонија по извештаите за работењето на судовите во РМ во 2017 година.

- Општата седница даде мислење по барање на Судскиот совет на Република Македонија, во врска со бројот на судии во Врховниот суд на Република Македонија.

- Општата седница избра членови на 6 совети за одлучување по жалби против решенија на Судскиот совет на Република Македонија.

- Општата седница назначи член и заменик член на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за академија за судии и јавни обвинители.

- Општата седница усвои Одлука за начинот на изборот на судии во совети од петмина по пат на ждрепка кои ќе постапуваат по жалби против решенија на Државна изборна комисија во постапката за спроведување на Референдум.

- Општата седница формираше совети од петмина по пат на ждрепка за постапување по жалби против решенија на Државна изборна комисија во постапката за спроведување на Референдум.

- Општата седница расправаше по 10 (десет) барања за заштита на законитоста.

- Општата седница номинираше двајца членови и нивни заменици на Програмски совет на Академијата за судии и јавни обвинители и тоа еден член и негов заменик од редот на судиите на Врховниот суд на Република Македонија и член и негов заменик од редот на судиите на пониските судови или Управниот суд односно Вишиот управен суд.

-Општата седница донесе Програма за поддршка на медијацијата.

-Расправано е по 1 (едно) правно прашање.

-Општата седница одлучи по 7 (седум) приговори на судии против одлуки за распоред за работа на претседатели на судови.

- Прибавено е мислење за Годишниот распоред за работа на судиите на Врховниот суд на Република Македонија за 2019 година.

-Дадени се мислења по 12 предлог закони доставени од Министерството за правда и тоа:

-предлог Закон за бесплатна правна помош,

-предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство,

-предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за кривичната постапка,

-предлог Закон за дополнување на Законот за судовите,

-предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за јавнообвинителска служба,
-предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за Народниот правобранител,
-предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите,
-предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за судски совет на Република Македонија,
-предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители,
-предлог Закон за прекршоците,
-предлог на Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик,
-предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите.

**СЕДНИЦИ НА СУДИИ**

Врховниот суд на Република Македонија во текот на **2018** година има одржано **2 Седници на судии** на кои:

- формирани се две тричлени Комисии за давање мислење до Судскиот совет на Република Македонија, за оценување на претседателот на судот и судиите на Врховниот суд на Република Македонија, составена од претседателот на судот и двајца судии на Врховниот суд на Република Македонија и Комисија за оценување на претседателите на Одделите во Врховниот суд на Република Македонија, составена од претседателот на судот и двајца судии – претседатели на други оддели или судии од Врховниот суд на Република Македонија.
- дадено е мислење за донесување на Одлука за ориентационата норма за 2018 година по барање на Судскиот совет на Република Македонија.

**СЕДНИЦИ НА СУДСКИТЕ ОДДЕЛИ**

**ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА**

Одделот за казниви дела во текот на 2018 година на одржаните седници, постапуваше и расправаше по добиени материјали, прашања и иницијативи поднесени од основните и апелационите судови, како и од адвокати.

На ден 22.02.2018 година, беше одржана седница на Одделот за казниви дела, на која се расправаше по барањето на Претседателот на Апелациониот суд Штип, за донесување правно мислење за примена на одредбата од член 4 став 1 од Законот за амнестија (“Сл.весник на РМ“ бр.11/18 од 18.01.2018 година).

Одделот за казниви дела во текот на 2018 година на одржаните седници, постапуваше и расправаше по добиени материјали, прашања и иницијативи поднесени од основните и апелационите судови, како и од адвокати. На истата седница усвоено е правно мислење по Законот за амнестија.

На ден 01.03.2018 година беше одржана седница на Одделот за казниви дела, на која беше разгледан и усвоен Годишниот извештај на Одделот за казниви дела за 2017 година, а воедно беа разгледани и усвоени и сентенци по предмети.

На ден 04.06.2018 година беше одржана седница на Одделот за казниви дела, на која беа разгледани и усвоени сентенци по предмети, разгледани пресуди на Судот по конкретни предмети во кои е изразено правно мислење за објавување на Билтенот.

На истата седница одржана е расправа и донесен заклучок во врска со начинот на постапување на Врховниот суд по добиениот писмен одговор на Јавното обвинителство на Република Македонија по предмети, каде што Јавниот обвинител се произнесува и донесува писмен одговор кој го доставува до Врховниот суд во писмена форма.

На седницата на Одделот одржана на ден 19.12.2018 година е разгледан Предлог-Законот за кривичната постапка, како и Иницијатива на адвокат од Скопје, за донесување правно мислење по поднесените обвиненија од СЈО против обвинети за дејствија за кои во текот на месец април 2016 година, Претседателот на РМ донел одлуки за помилување кои подоцна се поништени.

На истата седница е разгледана и иницијативата на адвокат од Скопје, за

донесување на правно мислење по повод покренување нови обвиненија за кривични дела поврзани и кои произлегуваат од незаконското следење на комуникациите во периодот по истекот на 18 месеци од денот на преземање од СЈО

На ден 26.12.2018 година беше одржана седница на Одделот за казниви дела, односно продолжение на седницата од 19.12.2018 година, на која беше расправано за Предлог-Законот за кривичната постапка на нелегално прислушуваните телефонски разговори, како и докази кои ги предлага Јавниот обвинител во кривичната постапка.

**ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА**

Во текот на 2018 година Одделот за граѓански дела, одржа **7 (седум) седници**. На седниците е расправано за разни правни прашања кои произлегуваа од предметите, правни прашања и проблеми поставени од основните и апелационите судови и други подносители, по кои се утврдени **6 правни мислења и 17 сентенци**.

Судиите од Одделот за граѓански дела во текот на извештајната година, покрај предметна ангажираност, учествувале и во работни тела и комисии за повеќе законски проекти, семинари, едукации и студиски патувања, како и учество на дел од судиите како членови на органите на Академијата за судии и јавни обвинители, при што таквата нивна ангажираност немало негативно влијание за редовното работење на Одделот, а воедно остварени се и посебни работни средби со одделите за граѓански дела на Апелационите судови.

**ОДДЕЛ ЗА РАЗУМЕН РОК**

Во текот на 2018 година во Одделот за судење во разумен рок одржани се **4 (четири) седници** и тоа на ден 27.02.2018 година, 09.05.2018 година, 09.07.2018 година и 05.11.2018 година.

На седниците на Одделот се расправани значајни правни прашања кои произлегуваат од предметите оформени по барања за заштита на правото на судење во разумен рок, а воедно се разгледувани и месечните извештаи за работата на советите во Одделот. Членови на Одделот активно учествуваа во изработка на Билтенот за судската практика на Врховниот суд на Република Македонија 2016-2018 работен во соработка со Центарот за правни истражувања и анализи, преку кој е имплементирана програмата за подобрување на квалитетот на правдата во Република Македонија преку градење на капацитети за судии и мониторирање на судските реформи.

**ПОСЕТИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

**Меѓународни посети на Претседателот и судиите на Врховниот суд на Република Македонија:**

Делегација предводена од претседателот на Врховниот суд на Република Македонија на покана на претседателот на Европскиот суд за човекови права, присуствуваше на традиционалната свеченост по повод годишната работа на Европскиот суд за човекови права во Стразбур. Во рамки на свеченоста беше одржан семинар на тема „Авторитет на судството“.

Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија учествуваше на осмата по ред Конференција на претседатели на Врховните судови од Централна и Источна Европа, која се одржа во Вилнус, Литванија.

Судиии на Врховниот суд на Република Македонија, учествуваа на петтиот по ред Регионален форум за владеењето на правото во Југоисточна Европа на тема „Забрана на мачењето, нечовечкото или понижувачко постапување или казнување, содржано во член 3 од Европската конвенција за човековите права, во организација на AIRE Центарот и Организацијата Civil Rights Defenders, а поддржан од Министерството за надворешни работи и Комонвелт на Обединетото Кралство, Владата на Шведска и Советот за регионална соработка. На форумот учествуваа судии од целиот регион кои судат во Европскиот суд за човекови права, претседатели и судии на врховните и уставните судови од регионот, директорите на академиите за обука на правосудството, владините агенти за застапување пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур,

претставници од невладиниот сектор и истакнати правни експерти во оваа област.

Делегација предводена од претседателот на Врховниот суд на Република Македонија присуствуваше на Меѓународен симпозиум по повод 150 години постоење на Врховниот касационен суд на Република Турција, кој се одржа во Анкара, Република Турција.

Судија на Врховниот суд на Република Македонија учествуваше на објаснувачкиот состанок за Поглавје 23 – Правосудство и фундаментални права, кој се одржа во Брисел, Белгија.

Судија на Врховниот суд на Република Македонија, во својство на национален претставник, учествуваше на форум во Европскиот суд за човекови права организиран во рамките на мрежата на Високи судови (Superior Court Network).

Претседателот и судија на Врховниот суд на Република Македонија остварија средба со претседателот на Врховниот суд на Република Косово.

Делегација на Врховниот суд на Република Македонија оствари посета на Врховниот суд на Република Хрватска, каде имаа можност да присуствуваат на состанок помеѓу претседателите на граѓанските оддели на судовите со претставници на Врховниот суд на Република Хрватска. Во рамки на посетата судиите присуствуваа и на семинар на тема „Спорни прашања и актуелна судска практика-2018“, кој се одржа во Тухељске Топлице.

Судии на Врховниот суд учествуваа на Годишното советување на судиите на Република Србија, кое се одржа во Врњачка Бања, Република Србија.

Судија на Врховниот суд учествуваше на објаснувачкиот состанок за Поглавјето 24 - Правда, слобода и безбедност, кој се одржа во Брисел, Белгија.

**Во текот на годината, Врховниот суд го посетија делегации и претставници на повеќе меѓународни организации и институции:**

Во Врховниот суд на Република Македонија по повод Денот на судството – 31 март се одржа Свечена Академија на која присуствуваа голем број гости од земјата и странство, како претседатели и судии на Врховните судови од Албанија, Косово, Словенија, Турција, Хрватска и Црна Гора.

Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија оствари работна средба со г-дин Штефан Пирнер, Раководител на Одделот за Централна и Југоисточна Европа на ИРЗ – Германска фондација за меѓународна правна соработка.

Претставници во својство на експерти од Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили (DCAF), д-р Теодора Фуиор, проектен менаџер и г-дин Алеш Залар, постар експерт на DCAF остварија работна средба со претседателот на Врховниот суд на Република Македонија. На средбата се дискутираше за Програмата за реформа на безбедносниот сектор, чија основна цел е да ги поддржи националните напори во развојот на одговорноста и управувањето со безбедносниот и разузнавачкиот сектор, во согласност со добрите практики на Европската Унија.

Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија во текот на 2018 година оствари средби со г-ѓа Моника Мартинез, Шеф на програмската канцеларија на Совет на Европа во Скопје, на која се разговараше за ангажирање на експерти во правосудните институции во Република Македонија, кои треба да ги пренесат своите искуства и да помогнат во реформскиот процес.

Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија оствари средба со заменик амбасадорот на Република Турција во Република Македонија, г-дин Мурат Сумер.

Претседателот и судии на Врховниот суд на Република Македонија остварија работна средба со претставници на Оценската мисија на Европската Комисија, составена од експертите Ленарт Јохансон од Шведска, Драгомир Јорданов од Република Бугарија и Марк Јорна од Европската Комисија. Целта на мисијата беше да се направи проценка на работата на Академијата за судии и јавни обвинители.

Во текот 2018 година во Врховниот суд на Република Македонија беше одржана завршната сесија на Работилницата за напредно истражување „Одбрана против тероризмот, подобрување на отпорноста на демократските институции и владеењето на правото“, поддржана од NATO Science for Peace and Security Programme.

На барање на Амбасадата на Република Турција во Република Македонија, остварена е средба на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија со Омбудсманот на Република Турција, во рамки на неговата посета на Република Македонија, по повод одбележувањето на 20 - годишнината од востановувањето на институцијата Народен правобранител и 10-от состанок на Асоцијацијата на Омбудсмани на Медитеранот.

Во рамките на посетата на Оценска мисија за Поглавје 23 – Правосудство и фундаментални права, Управна постапка и управно право на Република Македонија, делегација предводена од експертот Ms. Susette Schuster, судија при Врховен Управен суд во Келн, Германија, оствари средба со судии од Врховен суд.

Претседателот на Судот оствари средба со г-н Тибор Драшковиќ, поранешен министер за правда, министер за финансии и државен секретар на Унгарија, експерт за поддршка на процесот на реформа на правосудниот систем, ангажиран во рамки на ИПА проектот „Поддршка за управување со ЕУ фондови“, во рамки на Компонента 1. На средбата се дискутираше за стратегијата за реформите во правосудниот сектор.

Претседателот на Судот оствари средба со претставници на делегацијата на Венецијанската комисија, по повод давање мислење за Законот за судовите и Законот за судскиот совет на Република Македонија.

Реализирани се повеќе средби на Претседателот на Судот со Претседателот на Врховниот суд на Република Хрватска, г-н Ѓуро Сеса, во својство на меѓународен експерт и консултант за Врховниот суд на Република Македонија, избран преку механизмот на експертска координација и се спроведува во рамките на проектот на Европската Унија во соработка со Совет на Европа, за хоризонтална поддршка на земјите од Западен Балкан и Турција.

Претседателот на Судот оствари средба со заменик Шефот на Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР, Доналд Бисон и правниот аналитичар Светлана Четаикина, во врска со референдумот одржан на 30 септември 2018 година.

Претседателот и судии на Врховниот суд на Република Македонија заедно со членови на Кабинетот на претседателот, оствариja средба со претставници на делегацијата на Европската комисија за ефикасност на правдата (CEPEJ), предводени од заменик претседателот на Комисијата, Рамин Гурбанов.

Претседателот на Судот оствари работна средба со д-р Џоан Бојд и Су Корбет, експерти за медиуми на проектот WINPRO III, кој има за цел зајакнување на заштитата на сведоците во борбата против организираниот криминал, тероризмот и корупцијата.

Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, заедно со судијата кој го заменува и членови на Кабинетот на претседателот, оствари работна средба со г-н Рајнхард Прибе, претставник од групата на високи експерти за системски прашања за владеење на правото на Европската комисија, кој беше придружуван од Марина Курте, претставник од Делегацијата на ЕУ во Република Македонија и Клои Лауренс Динсдејл од Директоратот Д3.

Претседателот на Судот и членови на Кабинетот, оствариja средби со неговата Екселенција Амбасадорот на Република Франција во Република Македонија, г-н Кристијан Тимоние.

## ЦЕНТАР ЗА ИНФОРМАТИКА

Во Центарот за информатика на Судот сместена е целокупната хардверско-софтверска опрема од областа на ИКТ наменета за непречено функционирање на Судот и дел за судовите на Република Македонија и Судскиот совет на Република Македонија. Дополнително во Центарот за информатика сместени се одредени централизирани бази на податоци, централизирани функционалности, централизирана размена на податоци со надворешни институции итн, кои се наменети за непречена работа на сите судови на Република Македонија. Основните активности за непречено функционирање на имплементираните ИКТ системи (планирање, учество во развојни ИКТ проекти, администрација, менаџирање, мониторинг, заштита, безбедност, централизирани јавни набавки, поддршка на корисниците итн.) се во опсегот на работни задачи на вкупно 4 (четири) IT инженери вработени во Центарот за информатика на Врховниот суд.

Во Врховниот суд во функција се следниве кориснички апликации од областа на ИКТ со тенденција на нивно зголемување во наредниот период:

Апликација за управување со движењето на судските предмети (АКМИС).

Апликација за материјално и финансиско работење (АБМС).

Апликација за објавување на судската практика на Врховниот суд и одлуки на апелационите судови на Web страната за судска пракса.

Апликација за објавување на судски одлуки, информации, новости, статистички и други податоци на Web страната на Судот.

Централизирано хостирање на судскиот Web портал и Web страните на сите судови на РМ

Систем за електронска пошта наменет за вработените во Судот и за нотификација на корисниците на системот за Електронската достава на судски документи

Апликација за електронска достава на судски документи (прва фаза – достава од судовите до корисниците) наменета за сите судови на РМ, со централизирана база на податоци хостирана во Врховниот суд.

Апликација за казнена евиденција наменета за сите судови на РМ, со централизирана база на податоци хостирана во Врховниот суд.

Централизиран сервис за размена на податоци за стечајните управници со Централен регистар, наменет за сите судови на РМ

Централизиран сервис за размена на податоци помеѓу судовите и обвинителствата.

IT инженерите вработени во Центарот за информатика на Судот во текот на 2018 година ги реализираа следните активности:

Утврдување на потребите, изработка на детална техничка спецификација и критериуми за утврдување на способност, учество во евалуација и реализација (давање на техничка поддршка и следење на напредокот во согласност со зацртаните термински планови) на постапките за јавни набавки кои ги опфаќаат потребите на сите судови и Судски совет на РМ од областа на ИКТ како што следи:

Хардверско-софтверско одржување на опремата набавена во рамките на ИПА2010 проектот вклучително и превентивно и адаптивно одржување на веб страните на сите судови и Судски совет на РМ

Превентивно и адаптивно одржување на АКМИС системот имплементиран во судовите на Република Македонија вклучително и одржување на дополнителните апликации и сервиси интегрирани во истиот

Одржување на IBM Lotus Domino платформата, е-маил системот и веб апликацијата за објавување одлуки од судската практика на Врховниот суд на РМ

Хардверско-софтверско одржување и годишна софтвер претплата на Firewall Check Point архитектурата имплементирана во сите судови и Судски совет на РМ

Хардверско-софтверско одржување и годишна софтвер претплата на VMware инфраструктурата имплементирана во сите судови и Судски совет на РМ

Набавка на софтвер за собирање, анализа и пребарување на лог записи на ИКТ уредите сместени во Врховниот суд.

Постгаранциско одржување на системот за прецизна климатизација во систем салата на Судот.

Одржување на УПС системот сместен во зградата на Врховниот суд.

Набавка на персонални компјутери, печатачи, картичен читач, ДАТА сеф за чување на сигурносни копии за потребите на Врховниот суд.

Учество во Работна група формирана од Судскиот совет на РМ за изработка на техничка спецификација и критериуми за утврдување на способност во постапката за набавка на интернет линкови за сите судови и Судски совет на РМ

Набавка на АОП материјали за потребите на Врховен суд.

Континуирано следење на состојбата и преземање на соодветни активности со цел непречено функционирање на имплементираните кориснички апликации наменети за Судот и дел за сите судови, во сите нивни фази на примена:

Нотирање на појавени недостатоци, непредвидени проблеми, забелешки и коресподенција со изготвувачот на корисничката апликација за нивно отстранување

Согледување на евентуални потреби од надградба и подобрувања

Доделување на соодветни кориснички права и привилегии

Техничка поддршка на внатрешните и надворешни корисници кои се обраќаат до Центарот за информатика и бараат помош

Изработка на разни статистички извештаи за потребите на судските служби и други институции

Планирање на потребни финансиски средства за инвестиции и одржување во областа на ИКТ за сите судови и ССРМ, планирање на потреби за континуирана едукација на вработениот IT кадар во судовите на РМ и планирање на потребата од нови вработувања на стручен IT кадар во Центарот за информатика на Врховниот суд.

Тековно администрирање, менаџирање и пратење на ИКТ системите кои се поставени во Центарот за информатика на Судот, а наменети се за Врховниот суд и дел за сите судови.

Секојдневно извршување и контрола на процедурите за заштита на системски и кориснички податоци (backup) наменети за Врховниот суд и дел за сите судови.

Мониторирање на системските логови за дојава на грешки на целокупната ИКТ опрема сместена во Центарот за информатика на Судот со цел отстранување на евентуално појавени проблеми.

Континуирано следење на перформансите на поставените ИКТ системи со цел преземање на соодветни активности или согледување на потребата од нивна надградба.

Тековно одржување и администрирање на работните станици, notebook компјутерите, принтери, скенери.

Соработка и координација на Центарот за информатика со одделенијата за информатика на судовите во РМ и ССРМ со цел давање на препораки и насоки за преземање на одредени активности поврзани со централизираните функционалности, известувања за обезбедено одржување на одредени ИКТ системи, постапки за пријавување на појавени проблеми, достава на потребна документација итн.

Континуирано следење на новите технологии и трендови во областа на IT (без соодветна едукација) користејќи литература достапна на Интернет.

Водење на уредна документација за реализирани системски и кориснички активности, настанати проблеми, нивно отстранување, водење на месечни извештаи за реализирани работни задачи на IT инженерите од Центарот за информатика и сл.

Учество на работни состаноци, реализирани средби со ангажирани експерти, анализа и достава на потребни податоци во рамките на ИПА2 проектот кој ги опфаќа правосудните институции, во организација на Секторот за Европска унија при Министерството за правда.

Согласно на сите современи општествени трендови сама се наметнува потребата од континуирано воведување на нови информатички технологии и IT системи во судскиот систем на РМ за да може преку осовременување, едукација, копматибилност и унификација на информатичката технологија да се постигне крајната цел, остварување на ефикасна поврзаност на сите судови и размена на податоци со други институции. Тоа по автоматизам континуирано и значително го зголемува обемот на работа на постоечките само 4 (четири) IT инженери вработени во Центарот за информатика во Врховниот суд.

Соодветно на тоа евидентна и неопходна е потребата од континуирано вработување на стручни IT инженери во Центарот за информатика на кои ќе им биде овозможена соодветна и континуирана едукација имајќи во предвид дека информатичката технологија е најдинамичниот систем во секое современо општество.

## ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ

**1.** Врховниот суд на Република Северна Македонија заклучи дека од претходната година останале нерешени **1726** предмети, а со новопримените **2.189** предмети во 2018 година. Судот постапувал по вкупно **3.921** предмет од сите видови. Во текот на годината решени биле **2.499**, а останале нерешени **1.422** предмети.

Врховниот суд на Република Северна Македонија во извештајната година го совладал приливот и го намалил заостатокот за **310** предмети.

**2. Одделот за казниви дела** во текот на извештајната 2018 година, имал вкупно во работа по сите основи биле **770** предмети, од кои се решени **544** предмети, а на крајот

на годината останале нерешени **226** предмети по сите основи. Бројот на нерешените предмети се должи на низа објективни фактори, меѓу кои и зголемениот број на предмети во областа на организираниот криминал и тоа сложени, обемни предмети, со голем број на осудени лица, кои бараат значителни напори, како и подолг временски период за нивно ефикасно совладување како и фактот што дел од истите во судот се примени на крајот од извештајната година, поради што и не можеле да бидат земени во работа, од причина што биле дадени на мислење во Јавното обвинителство на Република Македонија.

Врховниот суд на Република Северна Македонија подолг период се соочува со недостиг на соодветен број на судии, како и недостиг на стручни соработници. Овие објективни околности претставуваат оправдани и релевантни причини кои директно влијаат на нарушување на принципот на ажурност. Меѓутоа, и покрај вака поставените, односно намалени човечки ресурси, со добра организација во однос на распоредот за работа и активна соработка на сите чинители во процесот, Одделот за казниви дела квалитетно ја заврши извештајната година.

Судиите и судските советници од Одделот во текот на извештајната 2018 година, имаа одлична соработка со водителот на писарницата, водителот на дактилобирото и со сите дактилографи кои стрпливо, стручно, навремено и технички уредно ги изработуваат сите видови одлуки и други материјали што беа изготвени од судиите и советниците.

**3. Одделот за граѓански дела**, во извештајниот период, споредбено со претходната година, приливот на предмети е намален за **140** предмети.

Во споредба со 2017 година поради нецелосна судиска екипираност, решени се 31 предмети помалку, но и покрај тоа приливот е совладан во целост а заостатокот намален за **138** предмети.

Заради зголемување на ефикасното работење на судиите постои потреба да се вработат поголем број дактилографи, на начин што за секој судија да има по еден дактилограф – записничар.

**4. Одделот за судење во разумен рок**, во извештајниот период, постапувал по вкупно **806** предмети, по сите основи, во двата степени на одлучување. Во текот на година биле решени **572** предмети, а нерешени останале **234** предмети. Приливот е совладан во целост, а заостатокот е намален за вкупно **70** предмети.

Во извештајната **2018** година, споредбено со **2017** година, намален е износот на вкупно определениот паричен надоместок досуден поради утврдена повреда на правото на судење во разумен рок. Во **2017** година во **прв степен** изнсувал **4.913.900,00** денари, а во **втор степен** изнесувал **916.036,00** денари односно вкупен износ во **двата степена** од **5.829.936,00** денари, споредбено со вкупно досудениот надоместок во двата степени на одлучување кој за извештајниот период изнесува **4.550.900,00** денари.

Се заклучува дека судиите, судските советници и вработените во судската писарница на Одделот, во текот на извештајната **2018** година придонесоа Одделот за судење во разумен рок да е ажурен и ефикасен, имајќи го предвид бројот на предмети во прв и втор степен, по сите основи. Ваквиот начин на работа, дава за право Одделот и понатаму да продолжи да работи со ист интензитет на одлучување на предметите во разумен рок со квалитетни одлуки, со заложба за решавање на проблемот околу достава на списи по предметите по кој е поднесено барање за заштита на правото на судење во разумен рок.

**5.** Со оглед на улогата и значењето на судската администрација во Врховниот суд, како највисок суд во Републиката, во процесот на обезбедување на ефикасно постапување на судот, да се вложат напори за зголемување на бројот на судските службеници со измена на Законот за судска служба и Законот за Академија за судии и јавни обвинители, преку кои би се обезбедиле можности за напредување и наградување

**6.** Врховниот суд на Република Северна Македонија согласно својата надлежност донесените начелни правни ставови и начелни правни мислења, правни мислења и заклучоци од работата на Општата седница и правните мислења, заклучоци и сентенци усвоени на седниците на одделите, да продолжи континуирано да ги објавува на WEB

страната на Судот, но и да продолжи праксата на објавување Билтен и Збирка на судски одлуки.

**ВРХОВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТА СЕДНИЦА**